Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë,
Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 02-77/1
03.01.2023 год. - viti
Скопје / Shkup



декември 2022 година

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година, а во врска со Годишниот план за проценка на ризици од корупција, согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација), а во однос на Препораката II, и согласно член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) министерот за земјоделство шумарство и водостопанство донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА ОД РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСОПАНТВО ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

### 1.1 Цел

Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2023 година е продолжување на активностите кои започнаа во 2022 година, а кои имаат за цел преку детектирање на слабостите и можностите за унапредување на свеста кај вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: МЗШВ) да останат имуни на можноста да бидат вовлечени во коруптивни активности како и судир на интереси.

### 1.2 Дефиниција

Планот предвидува активности кои секој вработен мора да ја препознае, а потоа и да ја детектира корупција на која мора да биде отпорен преку почитување на владеењето на правото и етичките норми. Свесни сме дека корупцијата како глобален феномен е неизбежна појава, но преку владеењето на правото треба се супресира и казни.

**Дефинирање на корупцијата и судирот на интереси**

Согласно позитивната законска регулатива под поимот „корупција", се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

„Судир на интереси" е состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

„Приватен интерес" подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на неговите јавни овластувања и должности.

„Ризик од корупција" подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

Под поимот „интегритет" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на гра"аните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции. Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност.

### 1.3 Закани

Корупцијата е закана за функционирање на општеството и довербата во системот, а специфична задача на МЗШВ е да даде импут во процесите кои се во наш домен. Корупцијата и судирот на интереси директно влијаат во намалување на демократските процеси така да борбата против е унапредување во нашата намера во насока на интегрирање во семејство на свропските држави.

## 2. ФАКТОРИ НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈАТА

„Ризикот" претставува ефектот од неизвесност врз целите, односно ризикот е можност да се случи нешто што ќе има влијание врз целите. Под „фактор на ризик од корупција" се подразбира се што може да поттикне вршење и толерирање на коруцпја. Ризикот од корупција треба да се разбере како поширока категорија зашто може да биде производ од повеќе фактори на ризик.

Најчестата поделба на факторите на ризици од корупција ги опфаќа следните четири групи:

- Системски/надворешни фактори на ризикот од корупција;
- Институционални/организациски фактори на ризикот од корупција;
- Индидвидуални/човечки фактори на ризикот од корупција;
- Фактори поврзани со оперативен процес во дадена област/сектор (пр. област - јавни набавки).

Овие мерки кои се однесуваат на спречување на корупцијата во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се:

1. Јакнење на капацитетите на институцијата со посебен аспект на јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупцијата
2. Доследна примена на законската реглуатива во справувањето со корупцијата
3. Доследно почитување на Етичкиот кодекс на административните службеници
4. Професионализација, департизација и деполитизација на вработените
5. Отчетност и транспарентност во справувањето со корупцијата
6. Спроведување на проценка на ризик од појава на корупција на работните места
7. Зајакната меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата

Во координација со сите сектори и органи во состав министерството ќе изработи стратешки документ каде ќе бидат извоени сите слаби страни и можности за корупција во областите и делокругот на работењето.

Идентификување на посебните причини условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата во подсекторски области.

Воспоставување на алатки и контролни механизми на детектираните ризични области со предлог решенија за нивна превенција и спречување јакнење на капацитетот за интегритет на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и сите вработени преку промовирање на активна транспарентност во работењето и континуирано спроведување на обуки за подобрување на професионалните компетенции на вработените.

Навремено постапување и остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица кои се во релација со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно законските рокови.

## 3. АКЦИСКИ ПЛАН

| Мерка | Активност | Надлежност | рок | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|
| Проширување на работното тело/група за интегритет | Дополнување со нови членови освен лицето за интегритет и заменик | Кабинет министер | реализаирано | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на документи потребни за ефикасно и ефективно спречување корупција | Стратегија за ризици, Формулари Анкетни прашалници | Лице одговорно за интегритет и заменикот, Сектор за човечки ресурси, Сектор за финасиски прашања | март | |
| Лоцирање на места кои се подложни на коруптивни активности | Преку спроведување на анкета по сектори за лоцирање на најризичните сектори со можност за корупција | Лице задолжено за интегритет и заменикот | јули - | |
| Заштитено укажување од укажувачи | Прибирање на информации | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | континуирано | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Превентивни мерки за спречување на коришција | Анкета, обука и локација | Лице задолжено за интегритет и заменикот | јули | |
| Активни мерки за санкционирање на корупција | Комуникација со државните органи надлежни за санкционирање на корупцијата | Лице задолжено за интегритет и заменикот | декември | |
| Анализа на состојбата пред и по активирање на мерките | Извештај од состојбата од сите сектори и органи во состав | Лице задолжено за интегритет и заменикот | декември | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Показатели на успешност од активирање на мерките | Екстракција информации добиен од секторските извештаи | Лице задолжено за интегритет и заменикот | декември | |
| Извештај | Сублимација на релевантите информации во правно формален документ | Лице задолжено за интегритет и заменикот | декември | |

Љупчо Николовски,
МИНИСТЕР

Изработил:
Драган Угреновиќ
Кристина Петрова
Одобрил: Жарко Ераковиќ
Контролирал/Kontrolloi: Rexhail Ismaili